РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Бр.02-16322/1 од 18.11.2014 година
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002 и 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и член 26-а од Законот за заштита на личните податоци („Сл. весник на РМ“ бр. 07/05, 103/08, 124/10 135/11 и 43/2014), министерот за транспорт и врски донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за определување офицер за заштита на личните податоци

1.Државниот службеник Татјана Јосифовска ВШП на работно место Самостоен референт за персонална евиденција во Одделението за управување со човечки ресурси **се определува за офицер за заштита на личните податоци** во Министерството за транспорт и врски согласно Законот за заштита на лични податоци.

2. Вработената од точка 1 е должна да ги врши следните работи и задачи:

- учество во донесувањето на одлуки поврзани со обработката на личните податоци, како и со остварувањето на правата на субјектите на личните податоци;
- следење на усогласеноста со законот и со прописите донесени врз основа на законот, што се однесуваат на обработката на личните податоци како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- изработка на внатрешните прописи за заштита на личните податоци и документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- координација и контрола на постапките и упатствата утврдени во внатрешните прописи за заштита на личните податоци и во документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- предлага обуки на вработените во врска со заштитата на личните податоци и
- врши други работи утврдени со закон и со прописите донесени врз основа на законот како и со внатрешните прописи за заштита на личните податоци и со документацијата за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение, престанува да важи Решението бр. 02-14413/1 од 12.06.2012 година.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

МИНИСТЕР
Миле Јанакиески

Доставено до:
- Именуваната
- Одделение за управувањ со човечки ресурси и
- Архива

Изготвил:Анита Војновска Наумовска